


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

## МАРТ 2025

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Во изминатиот месец, глобалната економија бележи забавување, со послаб раст во САД, Кина и еврозоната, при што инфлацијата останува предизвик, а централните банки балансираат меѓу економска поддршка и контрола на цените. Трговските тензии ја зголемуваат неизвесноста, влијаејќи на инвестициите и потрошувачката. Сето ова придонесе за зголемена волатилност на пазарите на капитал. Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на изминатиот месец забележа пад од 4,15%, со што премина на негативна територија следено од почетокот на годината. Регионалните индекси, исто така во најголем дел бележат загуба. Европските акции, прикажани преку индексот STOXX 600 го задржаа позитивниот принос од 5,18% од почетокот на годината, иако во март забележаа пад од 4,18%. Американскиот пазар на капитал се движеше во неповолна насока, при што индексот S&P 500 забележа пад од 5,75% во март и вкупен пад од 4,59% од почетокот на годината. Индексот MSCI Asia – Pacific во март опадна за 0,72%, но во првото тримесечје има благ раст од 0,24%. Од друга страна, индексот MSCI Emerging Markets оствари раст од 0,38% во март и 2,41% од почетокот на годината.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 забележа пад во текот на март кој изнесуваше 0,96%. Сепак, од почетокот на оваа година приносот е 3,50%. Компаниите кои се составен дел на индексот покажаа различни движења, при што најголем пораст од 3,23% оствари Македонијатурист, што исто така бележи и најголем пораст во првите три месеци од годината. Од друга страна, акциите на Алкалоид имаа најслаб перформанс во месецот, со пад кој достигна 6,39% и помала вредност од почетокот на годината за 2,64%. Со најголем пад во текот на ова тримесечје е цената на акциите на Стопанска банка АД Скопје од 9,24%.




*Извор: Блумберг*


ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Приносите на обврзниците во март забележаа растечки тренд. Зголемената фискална потрошувачка во Европа, особено олабавувањето на фискалните правила во Германија за зголемување на трошоците за одбрана и инфраструктура, ги зголеми приносите на европските обврзници поради очекуваното зголемено задолжување на владите. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има британската обврзница кој изнесува 4,68%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,58%.



**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028.**




*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, најголем пораст во однос на еврото (EUR) во текот на март забележа руската рубља (RUB) со 3,70%, додека од почетокот на годината оствари значителен пораст од 31,76%. Во спротивната насока беа сите валути од приказот, со помала вредност споредено со еврото како во изминатиот месец, така и во овие три месеци од годината, со мал исклучок на јапонскиот јен (JPY) за истиот период. Притоа, со најголем пад е американскиот долар (USD) кој изнесува 4,08% во март и 4,29% од почетокот на годината. Еврото бележи пораст во однос на сите останати валути во текот на март 2025 година поради комбинација фактори, како малку поголема економска стабилност во еврозоната, политиките на ЕЦБ и геополитичките фактори.

## Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*


ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk


Лектор: Каролина Накова